**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**Бр. 10-1847/1**
**04.06. 2011 година**
**С К О П Ј Е**

**До**
**СЛУЖБА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**г. Васе Доневски**

**Предмет: ИЗВЕСТУВАЊЕ**

Во функција на спроведување на Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија 2011 година, Државната изборна комисија во деновите 5 и 6 јуни 2011 година својот прес центар го постави во „Клубот на пратениците" во Скопје.

Со цел навремено и објективно информирање на јавноста, телевизиските куќи МРТВ и Канал 5 веќе поставија линк во Клубот на пратениците додека А1 телевизија најави дека во текот на денешниот ден ќе постави линк. Кабелскиот оператор КејблТел исто така има поставено линк.

Искуството од минатите изборни циклуси ни дава за право да очекуваме и останатите национални и локални телевизиски куќи исто така да постават линк за директно информирање од прес центарот на Државната изборна комисија.

Од овие причини, Државната изборна комисија изготви соопштение со кое ги известува електронските медиуми дека, доколку сакаат да постават линк во Клубот на пратениците, должни се Барањето за поставување линк да го достават до Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија.

Со почит,

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР**

Биљана Стојановска